Бр./Nr 12-1153/5
18-11-2025 г./v.



Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-тата седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1153/1 од 25.03.2025 година, со наводи за сомневања за незаконитости во спроведување на постапка за јавна набавка, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот поради промена на фактичката состојба.

Предметот со број 12-1153/1 од 25.03.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи по член 45 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/2021 и 14/2025), Бирото за јавни набавки на РСМ (во понатамошниот текст: Бирото) достави Известување во кое се содржани сомневања за неправилности во постапката за јавна набавка, број на оглас -----/2024, за набавка на стоки – --------, по што е оформен предмет број 12-1153/1 од 25.03.2025 година.

Имено, на ден 06.02.2025 година, до Бирото е доставено известување од страна на -------- ДОО експорт-импорт Скопје и заведено со број ----/25, кое се однесува на сомневања за сторени неправилности при спроведувањето на постапката за јавна набавка со оглас -----/2024, од страна на договорниот орган – ЈП за -------„-------“ на Општина ------. Од страна на Бирото е обезбедено детално објаснување

(произнесување) за спроведената постапка од договорниот орган. Имајќи ги предвид податоците содржани во истото, во насока на исполнување на обврските од член 45 од Законот за јавните набавки, Бирото го доставува известувањето до ДКСК со цел преземање соодветни мерки во рамки на своите надлежности.

Од увид во доставената документација се констатира дека наводите се однесуваат на тоа дека договорниот орган - ЈП за ------ „-------" на Општина ------- - Скопје, при спроведувањето на постапката за наведената јавна набавка, сторила прекршување на законитоста на дејствијата и пропуштање за преземање дејствија, односно дека договорниот орган не ги презел дејствијата утврдени во член 81 став 4 од Законот за јавните набавки, каде е уредено дека „Договорниот орган е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени кои економските оператори можат да ги постават во врска со тендерската документација, под услов истите да бидат поднесени најмалку осум дена пред крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество, односно шест дена кај поедноставената отворена постапка и четири дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас."
Ова од причина што, во конкретната јавна набавка економскиот оператор – ------ ДОО, преку електронскиот систем за јавни набавки, во предвидениот законски рок, поставил неколку прашања во врска со техничката спецификација за наведената набавка, но договорниот орган не одговорил на истите.
Имено, по објавувањето на оглас за јавна набавка на стоки – -------, Комисијата формирана за конкретната набавка утврдила дека била доставена 1 (една) понуда и тоа од економскиот оператор --------, чија вредност на понудената цена изнесувала ------ денари.
Согласно тендерската документација, критериумот за доделување на договор за јавна набавка е утврден да биде економски најповолна понуда односно понудата со најниска цена.
Од причина што во конкретната постапка имало само една доставена понуда, Јавното претпријатие ------- „--------" на Општина ------ – Скопје, во својство на договорен орган, по доставениот Извештај за спроведена постапка од Комисијата за предметната набавка, со број ----/13 од 23.12.2024 година, има донесено Одлука за избор на најповолна понуда во отворена постапка со бр.----/16 од 23.12.2024 година, со која понудата на единствениот понудувач - --------, била избрана за најповолна и на ден 30.12.2024 година бил склучен Договор со бр.----.

Заинтересираниот економски оператор – ------- ДОО Скопје на ден 10.12.2024 година во 13 часот поставил 3 (три) прашања до договорниот орган - Јавното

претпријатие за --------- „-------“ на Општина ------ – Скопје, во утврдениот рок во член 81 став 6 од Законот за јавните набавки, како и во рамки на рокот посочен во објавениот јавен оглас, во дел V – Административни информации: краен рок на поставување на прашањата е 10.12.2024 година во 15:30 часот, по кои Комисијата за конкретната набавка не постапила, односно на истите не било одговорено во утврдениот рок за одговор на прашања – до 12.12.2024 година во 15:30 часот.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање до ЈП за ------ „-------“ на Општина ------ – Скопје со цел обезбедување на информација за наводите од пријавата, документација и образложение по однос на истите, како и информација за реализацијата на склучениот договор.

По доставување на бараните информации и по извршениот увид во прибавеното образложение, се констатира следното:

По склучувањето на договорот за јавната набавка и објавувањето на Известување за склучувањето на истиот преку Електронскиот систем за јавни набавки, на ден 05.02.2025 година од страна на ------- ДОО Скопје до Архивата на договорниот орган била доставена Жалба против склучениот договор, која покрај до договорниот орган била адресирана и до Државната комисија за жалби по јавни набавки.
Договорниот орган при изготвувањето на Одговор на доставена жалба, утврдил дека на ден 10.12.2024 година биле поставени 3 (три) прашања кои Комисијата за јавната набавка пропуштила да ги одговори. Се посочува дека причините за истото не биле тенденциозни, туку дека се работи за недоволно искуство на членовите на Комисијата.
Во образложението се укажува на задоцнетиот рок на поднесена жалба, а се оспорува и дозволеноста за поднесување на истата, од причина што субјектот ---------- ДОО Скопје воопшто не учествувал во постапката.

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувала по поднесената жалба, по што на ден 13.02.2025 година, има донесено Решение со кое жалбата била отфрлена поради неуреденост, од причина што истата не била поднесена согласно член 142 од Законот за јавните набавки, заради што, постапувајќи по член 160 став 1 од истот закон, Комисијата не се впуштила во оценување на фактичката состојба и примената на материјалното право во однос на истата.

Меѓутоа, покрај наведените околности, договорниот орган донел Одлука за поништување на Одлуката за избор на најповолна понуда бр.----/16 од 23.12.2024 година, постапката за јавна набавка објавена со оглас број -----/2024 била поништена, за што е евидентирано Известување на Електронскиот систем за јавни набавки.

Договорот за јавна набавка склучен со економскиот оператор ------- бил спогодбено раскинат, без реализација на нарачки, финансиски трансакции или преземени активности кои би предизвикале какви било меѓусебни обврски или побарувања.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека и покрај постапувањето од договорниот орган спротивно на член 81 став 4 од Законот за јавните набавки, постапката по огласот со број -----/2024 година објавена од договорниот орган ЈП за ------„-----“ на Општина ----- - Скопје е поништена, а договорот склучен врз основа на истата е спогодбено раскинат без да произведе финансиски импликации.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата